# ВЕЖБА 4.

# „ПРЕДИЗВИК ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА – ОД ТРАДИЦИЈА ДО ТРЕНД"

ПРОЦЕНЕТО ВРЕМЕ: 90 МИНУТИ (ИЛИ ВО ДВЕ СЕСИИ АКО СЕ КОРИСТИ БОЈАДИСУВАЊЕ)

ФОКУС: КРЕАТИВНОСТ, ПРОТОТИПИРАЊЕ, РЕУПОТРЕБА НА МАТЕРИЈАЛИ, ВИЗУЕЛНО ПЛАНИРАЊЕ, ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА

ЗАМИСЛИ ГИ МОЖНОСТИТЕ (10 МИНУТИ)

- ШТО САКАМ ДА ПОПРАВАМ, ИСТАКНАМ ИЛИ ИЗМЕНАМ?
- КАКО МОЖАМ ДА МУ ДАДАМ НОВ ЖИВОТ НА НЕШТО ТРАДИЦИОНАЛНО, КАКО ШТО Е ЧИПКА ИЛИ ПЛЕТЕНО МИЉЕ?
- ЌЕ ГО БОЈАДИСУВАМ, ЌЕ ГО ДОДАДАМ КАКО СЛОЈ, ИЛИ ЌЕ ГО ВКЛОПАМ ВО МОДЕРНО ПАРЧЕ ОБЛЕКА?

НАЦРТАЈ ЈА СВОЈАТА ИДЕЈА (15 МИНУТИ)
НА ХАРТИЈА, НАЦРТАЈ ГО ПАРЧЕТО ШТО ЌЕ ГО РЕДИЗАЈНИРАШ.
ОЗНАЧИ ГИ ДЕЛОВИТЕ КАДЕ ШТО ЌЕ ДОДАДЕШ ЧИПКА ИЛИ МИЉЕ.
ИСТО ТАКА, ОБЕЛЕЖИ КОИ ДЕЛОВИ ЌЕ ГИ БОЈАДИСУВАШ, СЕЧЕШ, БОИШ ИЛИ ШИЕШ.

Co-funded by
the European Union

# ВЕЖБА 4.

## „ПРЕДИЗВИК ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА – ОД ТРАДИЦИЈА ДО ТРЕНД"



НА ЗАДНАТА СТРАНА ОД ТВОЈАТА СКИЦА ИЛИ НА НОВ ЛИСТ, НАПИШИ ЕДНОСТАВЕН ПЛАН ЧЕКОР ПО ЧЕКОР:

- ШТО ЌЕ НАПРАВИШ ПРВО?
- ДАЛИ ЌЕ ГО БОЈАДИСУВАШ МИЉЕТО?
- КОИ АЛАТКИ ИЛИ МАТЕРИЈАЛИ ЌЕ ТИ БИДАТ ПОТРЕБНИ?
- КОЈ ЌЕ БИДЕ ТВОЈОТ ФИНАЛЕН ДЕТАЛ?

НАПОМЕНА: АКО ПЛАНИРАШ ДА ГО БОЈАДИСУВАШ МИЉЕТО, ПРЕДВИДИ ПРОЦЕС ВО ТРАЕЊЕ ОД ДВА ДЕНА ЗА ДА ИМА ВРЕМЕ ДА СЕ ИСУШИ ПРЕД ДА ГО ЗАШИЕШ НА ОБЛЕКАТА.



ЗАПОЧНИ СО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА (45–55 МИНУТИ)

СОБЕРИ ГИ ТВОИТЕ МАТЕРИЈАЛИ И АЛАТКИ:
КОНЕЦ, ИГЛИ, НОЖИЦИ, ЧИПКИ И МИЉЕА, БОЈА ЗА ТКАЕНИНА, ТЕКСТИЛЕН ЛЕПАК (АКО Е ПОТРЕБНО).
ЗАПОЧНИ СО ПРВИОТ ЧЕКОР ОД ТВОЈОТ ПЛАН — БОЈАДИСАЈ ГО МИЉЕТО (АКО Е ПОТРЕБНО), РАСПОРЕДИ ГО И ЗАЦВРСТИ ГО СО ИГЛИЧКИ.
ДОДЕКА РАБОТИШ, МОЖЕБИ ЌЕ ЗАБЕЛЕЖИШ ДЕКА НЕШТО НЕ ИЗГЛЕДА КАКО ШТО СИ ЗАМИСЛИЛ/А — ТОА Е НОРМАЛЕН ДЕЛ ОД КРЕАТИВНИОТ ПРОЦЕС!
ПРИЛАГОДИ ГО ДИЗАЈНОТ АКО Е ПОТРЕБНО. КОРИСТИ ЈА КРЕАТИВНОСТА ВО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ.
ПОБАРАЈ ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА ОД ВРСНИЦИТЕ ИЛИ ОД ЕДУКАТОРОТ.

Co-funded by the European Union

# ВЕЖБА 4.

## „ПРЕДИЗВИК ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА – ОД ТРАДИЦИЈА ДО ТРЕНД”

ЗАПОМНИ:

НАПРАВИ ФОТОГРАФИИ ПРЕД, ЗА ВРЕМЕ И ПО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА.
МОЖЕШ ДА ГИ ИСКОРИСТИШ ПОДОЦНА ЗА РЕФЛЕКСИЈА, СПОДЕЛУВАЊЕ ИЛИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ТВОЕТО ЛИЧНО ПОРТФОЛИО.

Пред





Потоа



Co-funded by the European Union

FERI

MATA